MQS

Бр. 12 – 805/4

14.03 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-805/1 од 26.02.2019 година.

Предметот со број 12-805/1 од 26.02.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, со упатување кон друг орган надлежен за предметниот случај.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-805/1 од 26.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Со пријавата се изразува незадоволство и воедно се укажува на попречување, на подносителот на пријавата, во остварувањето на нејзините права од работен однос и на правата од пензиското и инвалидското осигурување од страна на директорот на Основното училиште – лицето -------, во кое подносителот на пријавата --------- од ---------- е вработен како одделенски наставник.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Според Државната комисија за предметниот случај се надлежни други органи во Република Северна Македонија – Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и надлежниот суд, па оттаму и се упатува подносителот на пријавата заштита на своите права да побара и да остварува со правни средства пред овие надлежни органи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk